Врз основа на член 19 став (1) точка 11) од Законот за ревизија ('Службен весник на РМ' бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 192/15, 23/2016 и 83/2018), а во врска со член 25 и член 51 од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ), Управниот одбор на ИОРРСМ, на предлог на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги, на седницата одржана на 03.03.2025 година ја усвои следната

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2025 година[1]

1. Годишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги (во натамошниот текст: комисијата) за 2025 година, се изработува врз основа на надлежностите на комисијата уредени со Статутот на ИОРРСМ.

2. Годишната програма за работа на комисијата ги содржи следните активности:

    - Придржување до целите на Акцискиот план кој се доставува до IFAC за имплементирање на ефективна и ефикасна програма во согласност со СОЧ1[2].
    - Подготвување на Годишниот Извештај за наодите од извршените контроли во периодот 2024/2025 година и доставување на Управниот одбор.
    - Подготвување на општи статистички податоци за екстерна комуникација.
    - Презентација на наодите од извршените контроли на квалитет во рамките на настан за едукација.
    - Измени и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец, по потреба.
    - Подготвување на циркуларни писма од областа на примена на стандардите за ревизија прифатени во Република Северна Македонија, по потреба.
    - Ажурирање на методологијата за начинот и постапката на контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и на овластен ревизор – трговец поединец, доколку има потреба.
    - Подготвување и усвојување на Годишниот план за контрола на квалитетот за 2025/2026 година, вклучувајќи и термински план.

[1] Проверките на контрола на квалитетот за 2025 година ќе се одвиваат во период од 01.09.2025 до 30.06.2026
[2] Statement of Membership Obligations

- Следење на спроведувањето на Годишниот план за контрола на квалитет за 2024/2025 и Годишниот план за контрола на квалитет за 2025/2026 година, вклучувајќи го и терминскиот план и квартално известување за спроведените контроли по барање на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ
- Согласно наодите од контролата на квалитетот, доставување на информации и предлози до Комисијата за образование, обука и публикации за цели на дизајнирање на план и програма на обуки.
- Други прашања поврзани со контролата на квалитет.

3. Оваа Годишна програма стапува во сила со денот на нејзиното усвојување од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ.

***Ненад Тортевски***
***Претседател на ИОРРСМ***

*На 26.03.2025 година, СУНРРСМ даде согласност на Годишната програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорски услуги за 2025 година*